**Промени во политиката во Северна Маједонија**

*Моника Зајкова од Либерално демократска партија сака да послужи како пример за останатите млади жени во политиката во својата држава*




Во изминатите три години, Северна Македонија се будеше по деценискиот период на владеење на конзервативците предводени од премиерот Никола Груевски (којшто сега се наоѓа во егзил во Унгарија, на повик на својот пријател од десната опција, Виктор Орбан). Државата отпочна еден тежок процес на модернизација, се отвара кон соседите и посветена е на приклучувањето кон евроатлантското семејство. Државата помина низ неколку циклуси на протести, избори и промени на владата која ги оснажуваше своите прогресивни сили. Иако сé уште треба многу да се работи на чистење на клиентелистичките мрежи кои преовладуваат во јавниот живот на Скопје, сега постои надеж дека работите набргу ќе се сменат на подобро.

Еден од младите луѓе кои го предводат тој бран на промени е и Моника Зајкова, која со своите 29 години е вториот најмлад пратеник во Парламентот на Северна Македонија и еден од двајцата претставници на Либералнапа партија на Северна Македонија – Либерално-демократската партија(ЛДП).

Независно од своите години, таа има безмалку една деценија политичко искуство – таа му се приклучи на младото крило на ЛДП во 2011 година и стана негов претседател во 2017. Зајкова, којашто е дипломиран правник, учествуваше во четири изборни кампањи пред и самата да се кандидира за пратеник во 2020.  Таа беше советник на парламентарната група на мнозинството во претходниот состав на Парламентот на Северна Македонија и шеф на кабинетот на Министерот за локална самоуправа којшто доаѓаше од редовите на нејзината партија во минатиот состав.

И покрај тоа што Зајкова за себе вели дека имала среќа во својата кариера, таа сепак не смета дека е лесно да се биде жена во политиката во нејзината држава. Да се држите до – и да ги

браните – либералните ставови секако не е воопшто лесно. “Многу е тешко, особено кога се обидувате да ја ширите либералната идеологија. Да, младите луѓе се поотворени, но либерализмот не е на исто ниво тука како во Европа и во државите во Скандинавија,” ни вели таа. Меѓутоа, додава со дрска насмевка: “да се биде либерален во конзервативно општество е многу тешко, но сепак е привлечно да се разликувате од останатите.”






**Погрешно сфаќање на либерализмот**

Најтешко од сé е, како жена и како либерал, да се борите со распространетите стереотипи. “Владее општ став дека либерализмот е исто што и анархизмот. Никому не му е грижа за тоа што всушност значи либерална економија, што е вистинска либерална идеологија и човекови права; тие ги избегнуваат основните работи,” ни тврди Зајкова.

Истото се однесува и на тоа да се биде млада жена во политиката. “Многу е тешко да се биде жена во политиката, особено ако сте млади, затоа што луѓето мислат дека секогаш некој ве турка одзади,” вели Зајкова. Таа вели дека, и покрај тоа што таа има долга политичка биографија и активно е вклучена во граѓанскиот активизам од 2013, владее општо мислење дека жените напредуваат професионално само под закрила на мажите.

“На пример, јас бев шеф на кабинет на Министерот за локална самоуправа и некој од медиумите излезе со наслов на својот портал "Министре, знае ли вашата сопруга која е оваа девојка?". Не велеа ништо за мојата способност, моето образование и мојата работа. Тоа немаше врска со реалноста, туку беше само обид да ме деградираат мене лично,” се жали таа.




**Долгорочна ниска застапеност на жените**

Веќе долги години во Северна Македонија е проблематична перцепцијата за улогата на жената во политичкиот живот на државата. Всушност, во првите неколку демократски избори, само 5 жени се избориле за место во законодавниот дом во 1990 и четири во 1994. Ова ниво на (ниска) застапеност, која што е без преседан за овој регион,  беше проследена со постојани и темелни притисоци за примена и зголемување на квотите.

Површно се чини дека состојбата со жените во политиката се подобрува: од 120 пратеници, во составот од 2018  имаше 45 жени, а година дена подоцна, бројката изнесуваше 49 затоа што партииите почнаа да ја применуваат квотата од 40% за „пониско застапениот род“. Но, кога станува збор за гранките на владата и администрацијата, каде што не постојат пропишани квоти, учеството на жените е ниско – само шест од вкупно 81 градоначалник во државата и 5% од назначените позиции ги исполнуваат жените.

“Теоретски, ние имаме квоти во парламентот, но сé уште перцепцијата претставува проблем – ги имаме жените на партиските листи само поради квотите, не поради тоа што општеството верува дека и жените можат да бидат еднакво добри политичари како и мажите. Затоа, мора уште многу да работиме,” забележува Зајкова.




**Улогата на клишеата**

Стереотипите исто така играат значајна улога. Извештајот на Реактор, општествена иницијатива во Скопје за жените во политиката истакнува дека, според разговорите со мажите во политиката, главната причина за ниската застапеност на жените во оваа област се должи на ниската волја и амбиција да преземаат одговорности.

“Живееме во патријахално општество, со стереотипот дека жените треба да се домаќинки и дека не треба да имаат работа со политика; многу луѓе велат дека не сме способни да носиме важни одлуку,” дополнува еден политичар од ЛДП.

Во исто време, токму желбата да се спротивстави на таквите ставови ја поттикна Моника Зајкова да влезе во политиката. “Со влегување во политиката, сакав да послужам како пример за мојата генерација млади жени, да им покажам дека и покрај тоа што не е лесно, можеме да придонесеме многу за општеството,” вели таа. За неа одговорот е во образованието – и да ги учиме децата од училишна возраст понатаму дека местото на жените не им е во кујна, туку дека и

тие, исто како и мажите, можат да донесуваат одлуки во јавните сфери. “Треба да одгледаме генерација за која родовата еднаквост ќе претставува нешто нормално, а не само квота.”







**Квотите може да имаат позитивна улога**

Како либерал, Зајкова е амбивалентна кон квотите воопшто. “Како либерал, јас сум против квотите, и покрај тоа што тие претставуваат позитивна дискриминација и неопходни се во општества како што е нашето. Но, сепак сметам дека се корисни затоа што жените можам да се

издигнат до својот потенцијал во институциите," додава таа. Младата политичарка вели дека досега тие во парламентот бележат позитивна историја. "Секогаш кога имаме проблем во парламентот, нашиот „клуб на жени" е првиот којшто седнува и го решава проблемот. Ние покажуваме дека жените се поотворени за преговори, поотворени да прифатат нови идеи и поконструктивни во политиката за разлика од мажите," тврди таа.

Еден од примерите што ги наведува се и дискусиите за правата на ЛГБТ заедницата во Парламентот. "Жените се чувствуваат поохрабрени да зборуваат за темите како што се правата на ЛГБТ заедницата, и тие најмногу се борат за овие права. Минатата недела имавме интерпарламентарна група за правата на ЛГБТ и само еден од десет члена на таа група беше маж, што покажува дека жените се поотворени за вакви дискусии."

"Во моментот во општеството постои поделба на леви, десни и централни партии; ставовите се поларизирани, но жените се тие кои се обидуваат да ги решат разликите,"додава пратеничката и заклучува со еден вонвременски цитат на жената која и е пример, починатата премиерка на Обединетото кралство Маргарет Тачер: "Доколку сакате во политиката да направите нешто, тогаш прашајте жена."

Во нејзиното време на активно учество во политиката, таа забележала дека ставовите кон жените се менуваат на подобро, но смета дека уште многу треба да се работи. Дополнителен проблем е општата недоверба на луѓето во политиката воопшто. Но, тоа што е млада и релативно нова во политиката е од помош во овој случај.

"Луѓето општо сметаат дека секој политичар е корумпиран, но можеби не гледаат така на нас помладите на тој начин затоа што ние сме нови лица. Можеби на мене гледаат како на надеж за работите да тргнат на подобро," вели политичарката од ЛДП.

**Задоволствата и тешкотиите на водење кампања за функција**

Таа го почувствува тоа во кампањата за парламентарни избори во 2020. "Бев многу изненадена кога една жена на улица ми рече дека ме препознава како личност која се залага за човековите права и рече „Ооо, вие се борите за еднаквост. Тоа е добра работа, но во вакво општество и со вакви политичари, не сум сигурна дали ќе успеете. Но, ја имате нашата поддршка." Луѓето ме сметаат за свој застапник и знаат за што се борам," вели Зајкова со убедување.

Покрај Ковид-19, таа вели дека искуството со спроведувањето на нејзината прва успешна политичка кампања и било возбудливо. "Тоа беше мошне позитивно искуство, но за жал среде пандемија, па така повеќето активности се одвиваа *online*, преку видео снимки, *Facebook Live* итн. Навистина беше многу интересно во текот на кампањата, трчате од едно место на друго, посетувате сé повеќе таргет групи. Реков дека би работела со млади луѓе, претприемачи, центарот за ЛГБТ и со малцинствата во државата. Бев изненадена што повеќето нивни реакции беа позитивни. Многи луѓе ми пристапија и рекоа дека гледаат надеж во мене," вели таа.

**Ставање крај на политичките превирања**

Можеби ќе се изненадите што и покрај отпорот кон конзервативизмот во регионот и доминантните патријахални вредности во општеството во Северна Македонија, во државава не се

забележува истиот притисок за мизогиниски политики и дебати како што е случајот со Бугарија, Хрватска, Полса и Унгарија.

“Она што сега се случува во Полска, ние овде го имавме пред пет години, кога обидот на конзервативната партија (ВМРО-ДПМНЕ, партијата на поранешниот премиер Никола Груевски) да усвои закон за забрана на абортусот за среќа беше неуспешен. Ние го променивме законот во првата година во владата. Абортусот е лично право на секоја жена,” вели Зајкова.

Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жената и семејното насилство, попозната како Истанбулска конвенција, беше ратификувана во Северна Македонија, и покрај отпорот на конзервативците. “За среќа, имавме жена во Министерството за труд, која ги доврши работите околу конвенцијата, и потоа ја ратификувавме во парламентот. Таа се залагаше за процесот. Сé уште ни претстои многу работа, а ратификацијата беше само првиот чекор; имаме многу обврски  кои треба да ги исполниме, но уште еднаш имаме жена на чело на Министерството за труд, за која имплементацијата е приоритет,” заклучува Зајкова.




**Со што се гордее еден политичар**

Еден од моите лични успеси е прашањето на поеднаков третман на жените – законот за борба против дискриминацијата, кој неодамна беше усвоен во парламентот. И покрај тоа што конзервативното малцинство во претходниот парламент се обиде да ја сврти расправата околу законот и да ја „обвини“ владата дека трасира пат за легализирање на истополови бракови, Зајкова не поклекна. “Ова се основните човекови права, а не нешто што ние сега го „даваме“ некому,” вели таа со убедување.

Нејзината теорија околу причините поради кои конзервативниот реакционизам зема замав во цела Источна Европа се сведува на традиционалните вредности кои се судираат со модерната реалност. “Тое е можеби привлечно за луѓето кои сé уште живеат со сликите од минатото кога сме

имале огромни семејства, но сега е многу поважен индивидуализмот отколку колективизмот. Овој наратив можеби сé уште функционира во средини надвор од градовите. Ставовите на некои верски водачи одат во прилог на конзервативниот наратив, па така сега со новиот закон за насилство врз жените, се пропишуваат санкции и за верските водачи кои пропагираат насилство," вели таа.

Моника Зајкова е полна со оптимизам и сака да послужи како пример за промена која и претстои на Северна Македонија – не само во политиката, туку и во општеството во целина, со млади луѓе кои влегуваат во сé повисоки улоги. Таа завршува со порака за останатите жени: треба да се храбри, треба да го кренат својот глас и секоја жена треба да подаде рака на друга жена за да и покаже дека и таа може да успее. "Мора да се поддржуваме и сигурна сум дека ќе оствариме крупни работи."

**Follow more stories on female empowerment with #FemaleForwardInternational and in our [Special Focus on the website.]()**